Australian Macedonian
TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1991 13 DECEMBER 2024 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# МАТУРИРАНТИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ВИКТОРИЈА




Матурантите од школските центри каде се изучува македонскиот јазик во саботните училишта на Victorian School of Languages (VSL) во Томастаун, Норт Џилонг и Килор Даунс



# АРТАН ГРУБИ И СУДИЈАТА ЕНВЕР БЕЏЕТИ СТАВЕНИ НА ЦРНАТА ЛИСТА НА САД ПОРАДИ КОРУПЦИЈА СО МИЈАЛКОВ

„Ајде, па и на ваша глава!". - Вирална стана реакцијата на Бујар Османи и Арбр Адеми (поранешни министри) кога на мобилните телефони ја прочитаа веста дека Груби е ставен на црната листа на САД. Во тој миг даваа изјава како предводници на „стражата за одбрана на јазикот" организирана од ДУИ пред Уставниот суд на Македонија

# BRAGA FREIGHT

ПРВИОТ СЕРВИС ЗА ИСПРАЌАЊЕ ПАКЕТИ ДО МАКЕДОНИЈА ЗАПОЧНАТ ВО 1993

**СЛЕДНАТА ПРАТКА Е НА 15 ДЕКЕМВРИ 2024**

**NSW**

Rockdale 02) 9567-1341
Arncliffe 02) 9567-2236
Liverpool 0435-014-710
Newcastle 0414-684-649
Wollongong 0421-945-108
Wollongong 0417-275-988
Kemblawarra 02) 4274-6959
Warrawong 0420-861-113
Port Kembla 0421-541-400
Tarrawanna 02) 4283-3187
Cringila 02) 4276-2945
02) 4276-1111
Shellharbour 0411-635-049
0448-963-805

**VICTORIA**

Sunshine West 03) 9361-1941
0490-529-436
Dandenong 0451-049-156
Keilor Downs 0400-301-301
Wollert 0405-231-205
Reservoir 0476-215-638
Lalor 0417-388-329

**WESTERN AUSTRALIA**

Bellevue 0429-400-454
Malaga 0423-237-484

**A.C.T**

Jerrabomberra 0405-330-041
Queanbeyan. 0423-521-775




## ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА АВИОНСКА КАРТА

**Во вторник, на 17 декември Braga Freight со Македонското пензионерско друштво "Димче Могилчето" ќе го извлекуваат добитникот на бесплатна авионска карта до Македонија во вредност од 2000 долари. Сите што испратиле кутија преку Braga Freight автоматски учествуваат во ждрепката. Извлекувањето ќе биде во социјалниот клуб на Сиднам Парк Македонија во Keilor Lodge Pavilion, 44 Robertsons Road, Taylors Lakes.**

**Rockdale - 1 King Street 02) 9567-1341 www.braga.com.au**

## ТУРИСТИТЕ ОЦЕНИЈА:
# Македонија е трета на листата со најлоши патишта

Македонија се наоѓа на високото трето место на листата на земји со најлош квалитет на патиштата според истражување на популарниот сајт „DiscoverCars“, Истражувањето вклучува над 11 илјади рецензии и ги вклучува само земјите што имаат резултат под 7 и најмалку 40 рецензии од туристи кои патувале.

Резултатите покажаа дека земјата со најлоши патишта е Сицилија, Италија, која добила оценка од 6.55 од 10. Туристите се жалеле на тесните патишта, како и на дупките.

Следува Малта, со резултат од 6.56/10. Патиштата на Малта се исто така тесни и некои туристи имале потешкотии да се снајдат.

Македонија е на трето место со резултат од 6.60/10. Некои туристи се жалеле на лошата состојба на патиштата, а една од рецензиите споменува дупки на патот.

Четврта по ред е Бугарија со оценка од 6.70 /10. Главниот проблем што туристите го забележале во Бугарија се дупките на патиштата.

Албанија ја зазема петтата позиција со оценка од 6.89/10. Рецензиите од туристите се мешани, некои патишта биле во добра состојба, додека други не биле задоволни.

Инаку, меѓу 10-те земји со најдобри патишта, дури осум се во Европа.

Кога туристите ги посетуваат странските земји, сакаат да ја запознаат локалната храна или да ги посетуваат знаменитостите, но еден од главните впечатоци дефинитивно ќе биде состојбата на патиштата. Навигацијата по непознати патишта може да биде предизвик за возачите, а квалитетот на патиштата и инфраструктурата играат голема улога.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com




| RANKING | COUNTRY | SCORE OUT OF TEN |
|---|---|---|
| 1 | New Zealand | 8.71 |
| 2 | Poland | 8.70 |
| 3 | Spain - Canary Islands | 8.61 |
| 4 | Germany | 8.45 |
| 5 | Spain - Balearic Islands | 8.44 |
| 6 | France | 8.40 |
| 7 | Croatia | 8.39 |
| 8 | Spain | 8.37 |
| 9 | Portugal - Azores Islands | 8.32 |
| 10 | Australia | 8.24 |
| 11 | Portugal | 8.23 |
| 12 | Cyprus | 8.14 |
| 13 | Turkey | 7.88 |
| 14 | Italy-Sardinia | 7.74 |
| 15 | United Kingdom | 7.60 |
| 16 | Morocco | 7.58 |
| 17 | Italy-Mainland | 7.45 |
| 18 | Greece | 7.36 |
| 19 | Greece-Crete | 7.20 |
| 20 | Mauritius | 7.12 |






# Артан Груби и судијата Енвер Беќети ставени на црната листа на САД поради корупција со Мијалков

На 9 декември - Меѓународниот ден за борба против корупцијата и во пресрет на Денот на човековите права, Соединетите Американски Држави номинираше нови 14 лица, вклучително и членови на нивните потесни семејства, за вмешаност во значителна корупција и еден службеник за негова вмешаност во грубо кршење на човековите права од целиот свет.

Од Македонија на црната листа се „прикачија":

- Артан Груби, поранешен вицепремиер на Македонија,
- Енвер Беќети, судија на Апелациониот суд во Македонија.

„Согласно членот 7031(в), Стејт департментот јавно ги означува Артан Груби и Енвер Беќети за нивна вмешаност во значителна корупција преку примање мито за поткопување на судските процеси поврзани со кривичната пресуда на Сашо Мијалков, директор на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) на Македонија. Мијалков беше означен во 2022 година за значителна корупција според член 7031(в), а OFAC го санкционираше според Е.О. 14033.

Како дел од оваа акција се назначени и членовите на потесното семејство на Груби", стои во соопштението на Стејт департментот од Вашингтон.



*„Ајде, па и на ваша глава!". - Вирална стана реакцијата на Бујар Османи и Арбр Адеми (поранешни министри) кога на мобилните телефони ја прочитаа веста дека Груби е ставен на црната листа на САД. Во тој миг даваа изјава како предводници на „стражата за одбрана на јазикот" организирана од ДУИ пред Уставниот суд на Македонија*

За Беќети и Судскот совет утврди дека тој 9 месеци го чувал во фиока предметот „Таргет-Тврдина" (за прислушкувањето) во кој првообвинет беше Сашо Мијалков, поради што случајот застари и се затвори. Беќети на 11 јануари 2023 беше парично казнет со 20 проценти од платата во времетраење од 6 месеци.

## АГЕЛЕР:

### ПОЛИТИЧКО МЕШАЊЕ ВО СУДСТВОТО НЕ МОЖЕ И НЕМА ДА СЕ ТОЛЕРИРА



- Ова означување на Артан Груби и Енвер Беќети е доказ дека политичкото мешање во судството не може и нема да се толерира. САД ќе продолжат да ги именуваат оние кои се вклучуваат во значителна корупција која ги поткопува демократските институции. Никој не е над законот, а одговорноста е суштинска за напредок, истакна амбасадорката Агелер.




# Австралија забрзано се загрева

Со моменталната стапка на емисии на стакленички гасови, шансата да се ограничи глобалното затоплување според зададената цел од Парискиот договор од 1.5 степени ќе истече за само седум години, покажуваат наодите од извештајот за состојбата на климата за 2024 година.

Документот заеднички го објавија Организацијата за научни и индустриски истражувања на Комонвелтот (*CSIRO*) и Бирото за метеорологија (*БоМ*). На австралиското тло, температурата веќе сега во просек е за 1.51 степен повисока откога почнала да се бележи во 1910 година.

Се очекува границата на глобалното затоплување од 1.7 степени да се достигне за 15 години. Заедничкото истражување на *CSIRO* и *БоМ* ја следел годината на рекордни глобални екстреми 2023 година, најтоплата година на планетата, обележана со екстремна суша, шумски пожари и смртоносни топлотни бранови ширум светот.

Извештајот, исто така, навел како климатските промени на *Земјата* веќе влијаат на временските прилики во *Австралија*, од промени во врнежите до екстремни топлотни бранови и пожари, и што тоа ќе значи за нашата иднина и иднината на нашите деца.

## Пад на емисиите на штетни гасови

Според националниот менаџер за климатски услуги на *БоМ*, д-р **Карл Браганза**, кој соработувал при изработка на извештајот, иако останале уште седум години, меѓународно е признаено дека ќе биде многу тешко да се одржи растот на температурата под 1.5 степени. Исто така додал и дека пораката до светските лидери е многу јасна, мора што поскоро да се дојде до нулта емисија на штетни гасови. *Австралија* е една од 26-те земји каде емисиите сега се намалуваат, а најновиот национален инвентар на стакленички гасови проценува тие 28.2 отсто се под нивото од 2005 година. Глобалните емисии низ светот почнале да се намалуваат во последната деценија, по повеќе од еден век брзи зголемувања.

Во текот на 2023 година, во атмосферата биле ослободени 40.9 милијарди тони јаглерод диоксид. Тоа го довело нивото на атмосферските гасови со ефект на стаклена градина на нов максимум од 524 делови на милион, над 50 отсто повеќе отколку во прединдустриското време.

Откако ќе се ослободат, нивните влијанија траат со векови и особено е тешко да се вратат назад, за што е потребен системи за отстранување на јаглерод диоксид за кој се покажало дека е тешко за производство во големи размери.

## Што носи иднината?

Главните промени кои ги претрпела планетата во последните децении во голема мера се неповратни, и следните неколку децении на понатамошното затоплување во голема мера е неизбежно, бидејќи стакленички гасови кои веќе се пуштаени во атмосферата продолжуваат да ги загреваат океаните.

*„Се уште има време растот на температурите да се одржи под два степени. Секое намалување кое можеме да го направиме за акумулацијата на стакленички гасови во атмосферата ќе направи разлика во текот на овој век"* - смета **Браганза**. Ширум *Австралија*, топлотните бранови се се почести и поекстремни, сезоните на шумски пожари сега се годишни настани кои се шират и во зимските месеци, крајбрежјето еродира, а моделите на врнежи претрпеле значителни промени.

Се очекува сите овие трендови да се интензивираат во овој век, што во голема мера ќе зависи од тоа колку




брзо може да се достигне нето нулта емисија на гас низ целата планета.

## Раст на температурата за 1.51 степени

*Австралија* отсекогаш била позната како земја на вжестено сонце. Меѓутоа, во просек, температурата на површината на *Австралија* се зголемила за 1.51 степени меѓу 1910 и 2023 година, додека температурите на површината на околните мориња се загреале за 1.08 степени од 1900 година.

Во 2019 година, најтоплата година во *Австралија* досега, имало 33 дена кога националната дневна температура надминала 39 степени. Додека 2019 година била екстремна година, дури и релативно „ладните" години на *Ла Ниња* од 2021 и 2022 година биле потопли од речиси сите регистрирани во текот на 20 век.

Бидејќи копнените области се загреваат околу 40 отсто побрзо од океаните, до моментот кога ќе го достигнеме глобалниот праг на затоплување од 1.5 степени, деновите на екстремната топлина ќе бидат околу три степени потопли отколку што биле во поголемиот дел од 20 век.

*„Ова се долги топлотни бранови, не се ладат преку*



*ноќ, а нашите тела не се навикнати да се прилагодуваат на тоа и немаме инфраструктура за такво време*" - тврди д-р **Жаклин Браун**, менаџер за климатски истражувања на *CSIRO*.

Не само што ваквите температурни екстреми ќе предизвикаат вртоглаво зголемување на смртните случаи поврзани со топлината, туку ќе влијаат на се, од туризмот до земјоделството, доведувајќи во опасност цели индустрии, предупредуваат научниците.

Пожарите сега се нормални појави и треба да се размислува за нив секоја година. Додека хорор сезоната на шумски пожари од 2019-2020 година, која однела животите на 33 Австралијци, е врежана во меморијата на заедницата, 2023 година била една од најобемните сезони на шумски пожари во *Австралија* според изгорена површина.

## Југот се посув, северот се повлажен

*Јужна Австралија* станува се посува во текот на зимските месеци, тренд кој се забрзува во последните две децении. Никаде ова не е поочигледно како на југот на *Западна Австралија*, каде количината на врнежите од мај до јули се намалени за речиси четвртина (24 отсто) од 1994 година. Во исто време, северна *Австралија* станува се повлажна, со зголемени врнежите за 20 отсто за време на сезоната на дождови, од октомври до април.

На глобално ниво, нивото на морето се зголемило за 22 сантиметри од 1900 година, но научниците велат *„најлошото допрва доаѓа"*. Во 20 век, нивото на морето се зголемувало во просек за 1.5 см по деценија, сега стапката е поблиску до четири сантиметри по деценија. Крајбрежните заедници и екосистемите ќе бидат се повеќе загрозени, не само што се зголемува ризикот од поплави, туку и од бури, ерозија и истекување на солена вода во подземните питки води, предупредува извештајот за состојбата на климата за 2024 година.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди




JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
LAWYERS
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# Уставните судии пак калкулираат - ја одложија расправата за законот за јазиците, ќе чекаат мислење од експерти



Во средата се одложи седницата на Уставниот суд за оценување на уставноста на Законот за јазиците. Уставните судии со пет гласа „за" и еден „против" одлучија прво да се одржи подготвителна седница и да се чујат мислења на експерти, па потоа да се одлучува.

Ваква седница веќе е одржана во 2022 година, а и една година претходно.

- Дали за еден, два, три месеци плус или минус, овој суд ќе донесе одлука, рече претседателот на Уставниот суд, Дарко Костадиновски.

На седницата не беа присутни судиите Осман Кадриу и Насер Ајдари.

Неколку денови пред 11 декември редакцијата на тв-магазинот „360 степени" (се емитува на МТВ) ја раскажа содржината на рефератот што уставен судија (како известител за оваа тема) го имал спремено за оваа седница. И таму стои дека Уставниот суд на Македонија, постапувајќи по 13 иницијативи (обединети во еден предмет), требало да заклучи дека Законот за употреба на јазикот што го говори најмалку 20% од населението е втемелен во Уставот и затоа нема да има мерка ниту за негово укинување ниту за времено стопирање.

Сепак, во рефератот на судијата известител се предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на неколку делови од членови на Законот. Се работи за истите забелешки кои пред 5 години ги даде Венецијанската комисија. Најголем број од тие спорни делови се однесуваат на употребени формулации, односно на нивна непрецизност.

Единствените спорни членови од Законот за јазиците за кои се предлага да се поведе постапка се поврзани со парите и со кривичната постапка во судовите.


Reg. No. A0042461G

АХАМ BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Верјановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430,
0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 04O7 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719,
Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Мицкоски: Македонија е на врвот според раст на БДП од 3%



Економијата закрепнува, бруто-домашниот производ во јули, август и септември, порасна за 3%, објави премиерот Христијан Мицкоски. Според него овие резултати ги надминале и очекувањата на Владата и прогнозите на Светска банка.

- Само пет земји членки на ЕУ имаат повисока стапка на раст во третиот квартал, а што се однесува во регионот помала стапка на раст во третиот квартал имаат две земји членки на ЕУ, тоа се Грција и Бугарија - 2.4%. Потоа можам да кажам дека Романија е во негативно салдо -0.3%, Словенија е 1%. Негативни се стапките на раст на Естонија, Австрија, Латвија, Германија итн. – изјави премиерот Мицкоски.

Шести месец нема коруптивни скандали, нема упади во компании, уцени и рекетирање, а бизнисот е комотен, оцени тој.

- Нема веќе по принципот „како до сега“, нема уцени, нема закани, нема притисоци. Бизнисот е слободен. Јас тоа на дневна основа го комуницирам со стопанските комори. Секогаш сум им кажувал, било каква ваква девијантна појава од било кого, ве молам да пријавите, сакаме како Влада да интервенираме бидејќи мора да се ослободиме еднаш засекогаш од таквиот тип на политички и економски бизнис насилници во општеството – кажа Мицкоски.

Инаку, според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, во истиот период во 2022 година растот на БДП бил 2%, а во 2023 само 1.2%.





# На Сиљановска и се расипал авионот и не отишла за реотворањето на „Нотр Дам“ во Париз

Македонската претседателка Гордана Сиљановска Давкова не учествуваше на церемонијата на отворањето на реновираната катедрала Нотр Дам во Париз. Причина - се расипал владиниот авион а било доцна да се бараат билети за редовни авио-линии.

“Го информиравме Кабинетот на претседателот на Франција, Емануел Макрон, дека не сме во можност да патуваме поради дефектот на владиниот авион со кој беше планирано да се патува во Париз“, соопштија од Кабинетот на претседателката Гордана Сиљановска Давкова.

Не кажаа што им одговорил Макрон.

Познатата катедрала „Нотр Дам“ (почнала да се гради во 1163, отворена во 1345 година) изгоре на 15 април 2019 година. Во 2021 започна реконструкцијата а минатата седмица беше свеченото реосветување на кое присуствуваа стотици шефови на држави и премиери.


A WORLD OF NATURAL STONE

JOHN STONEMART

MEMORIALS YOUR MEMORIES SHOULD LAST FOREVER

» ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
» ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
» ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ

НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ од $4,250

ПРИВРЕМЕНА КУТИЈА ЗА СВЕЌИ $150







Метална кутија со пластична врата

(Ќе дадеме подобра цена од секоја претходна дадена во пишан договор. Под извесни услови.)*

310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896

UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966

STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

## ВМРО-ДПМНЕ:

## СИТЕ 9 СУДИИ НА УСТАВЕН СЕ ИЗБРАНИ ОД 2018 ДО ФЕВРУАРИ 2024 - И ОДЛУКАТА ЗА ЗАКОНОТ ЗА ЈАЗИЦИ Е КООРДИНИРАНА МЕЃУ ДУИ И СДС

ВМРО-ДПМНЕ се јави со соопштение: „Сите 9 судии на Уставен се избрани од 2018 до февруари 2024, кога во судството жареше и палеше ДУИ и СДС. Дел од тие судии претходно беа жестоки извршители на политички прогон против ВМРО-ДПМНЕ и како награда седнаа на тие места.

Поигрување со интелегенцијата на народот е циркусот на ДУИ пред Уставен. Нема судија во Уставен кој не е избран од нив. Доколку имаат проблем со Уставен, само треба да седнат на коалициски состанок со СДС и веднаш ќе го решат, се разбира со тоа ќе ја отповикаат претходната насока која сами ја издале. Самиот чин од одлучување по прашањето за Законот, до одлуката е веќе искоординиран од СДС и ДУИ.

Судството е последното упориште на криминалците од СДС и ДУИ, кои сега се обидуваат преку злоупотреба на националистички теми да бидат актуелни во јавноста. Владата на ВМРО-ДПМНЕ заедно со меѓународните партнери ја следи во целост ситуацијата и нема да дозволи обиди на политички криминалци да и нанесат штета на државата", се наведува во партиската реакција.




## Апсења на 23 лица за криминал тежок 6.5 милиони евра во РЕК Битола и РЕК Осломеј



Полицијата и Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) во вторникот утрото спроведоа акција поврзана со работењето на РЕК Битола и РЕК Осломеј за набавка на адитиви. Според проценките направена е штета и стекната противправна имотна корист од 6.5 милиони евра.

Со акцијата се опфатени вкупно 23 физички лица, меѓу кои и поранешниот директор на ЕСМ Васко Ковачевски, како и неговиот наследник на функцијата Васко Стефанов, потоа поранешниот директор на ТЕЦ „Неготино" Небојша Стојановиќ, поранешниот директор на РЕК „Битола" Пеце Матевски, како и комерцијалниот директор на ЕСМ, Ардијан Муча.

За осум лица опфатени во акцијата побаран е 30-дневен ефективен притвор, додека за 14 лица се побарани мерки на претпазливост без притвор. Во втората група се и Ковачевски и Стефанов - обајцата не биле во Македонија (едниот во Србија другиот во Австрија). Стефанов веднаш се вратил во земјата и е приведен на грнчниот премин Табановце. За Ковачевски премиерот Мицкоски потврди дека од септември е во странство, „ама ќе го обезбедиме".

Во акцијата полицијата при претрес на домовите кај три лица нашла и запленила вкупно 130.000 евра во кеш. Покрај физичките лица, во акцијата се опфатени и 5-6 фирми лоцирани во Неготино, Велес, Битола, Кичево и Скопје. Предвидено е и замрзнување на нелегално стекнатиот имот од периодот на подготовка на тендерите до денес (од 2022 до денес) кај физичките и правни лица за кои постојат основи дека се вмешани во перење пари.

# Во импровизирана џамија од плинска боца се угушија 14-годишник и двајца возрасни

Во неготинското село *Црвени Брегови* од плинска боца се угушија **Ј. Ј.** (71) од *Битола* и **Ф. Е.** (66) од *Ресен* едно 14-годишно момче. Двајцата возрасни биле оџи дојдени на посета во селото и останале да преспијат во малиот објект кој имал улога на импровизирана џамија. Во овој времен верски објект се држеле верски обреди неколку години. Во *Црени Брегови*, според пописот од 2021, живеат 80 лица и сите живеат од полјоделие и градинарство. И покрај предупредувањата на саботниот попладневен верски обред дека во просторијата се чувствува мирис на плин, двајцата гости од *Битола* и од *Ресен* останале да преспијат. Со нив останало и 14-годишно дете од селото, кое по смртта на татко му се преселило во *Кавадарци* кај мајка си. Тоа иако можело да замине дома, живеело на 20 метри оттаму, но останало да преноќи со гостите.



*- **Јашар** одеше секаде низ Македонија, не само тука, престојуваше по три дена, петок сабота и недела. Држеше предавања, обреди, молитва да прави. Патуваше и низ Европа, Турција, одеше заради Господ. Ама судбината сакала тука да му се случи најлошото,* вели роднина на починатиот **Ј.Ј.** од *Битола*.

*- Во просторијата таа саботна вечер бевме до 19 ч. Следниот ден имаше веселба во селото, сите бевме таму за радост. И никому не му текна за овие три лица. Некаде кај 16:30 некој дојде и рече оџите умреа. Истрчавме до просторијата, оти е блиску до куќата каде имаше веселба. Се обидовме да влеземе внатре, не можевме, вратата беше заклучена од внатре, моравме прозорец да кршиме и влегуваме преку него. Кога влеговме, тежок мирис на плин не удри во глава. Викнавме полиција, Брза помош, а докторот рече починати се и нема спас. Оџата од Ресен ползел до вратата, детето испружено среде соба, а третиот покриен со ќебе, задушени беа,* вели жител на селото.

## Традиционален Демирхисарски пикник во Баларат

Се известуваат сите Демирхисарци и пријатели и роднини на Демирхисарци дека во недела, на 22 декември, се организира традиционалниот *Демирхисарски пикник* во *Баларат*, покрај езерото, на истото место како и секоја година до *Ballarat Botanical Gardens.* Овој настан се оганизира со цел за дружење на Демирхисарци во порелаксирана атмосфера и во природа. Забележете го овој датум во вашите календари и донесете ги и вашите роднини и пријатели. Се надеваме на голема посетеност!

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary"*
*Western Region inc.-*
*340 Sydenham Road*
*Sydenham Vic 3037*



# Прослава за матурирањето на учениците по македонски јазик од Викторија




Со свечена цермонија во неделата (8 декември), во рецепцијата *„Шелдон“*, се прослави матурата по македонски јазик за учениците кои го изучуваат македонскиот јазик во саботните училишта при *Викторискoто училиште за јазици (VSL)*. Оваа беше триесет и третата генерација на матуранти во Викторија, годинава составена од 20 ученици од сите саботни училишта на *VSL*.

## МАТУРАНТИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ВИКТОРИЈА 2024:

**Весна Дамчевска** им ги врачи признанијата на матурантите од 12-та година во *Килор Даунс*: **Клеопатра Блажевски, ЈанаЧерговски, Миа Гајиќ, Клаудија Гроздановска, Сиена Јотевски, Натали Јовановска, Даниел Кочанковски, Анастасија Кулевска, Јована Лацевска, Филип Наумчевски, Илијана Тодова, Тиана Степановски** и **Џејми Стојовски**. **Симона Поповска** им ги врачи признанијата на матурантите од *Томастаун*: **Филип Стојановски, Матеј Ардјалиев, Мелиса Велјаноска** и **Емилија Петковска**. Матуранти од Норт *Џилонг*: **Андреј Смилевски, Јана Смилевски** и **Деклан Стојановски**.

Во *Викторија* македонскиот јазик се изучува во пет државни училишта како дел од наставата и во четири центри на *„Викторискoто училиште за јазици“*, кое е исто така државно, само часовите се одржуваат во сабота. Најголема гордост и успех на македонската заедница во *Мелбурн* е основното училиште *„Лајлор Норт прајмари“*, во кое децата од забавиште до шесто одделение имаат настава паралелно и на англиски и на македонски јазик. По завршувањето на основното овие деца, во зависност од тоа во која населба живеат, може да продолжат да го учат јазикот или во редовните или во саботните училишта. Основните одделенија се задоволително посетени, но на ниво на средно училиште бројот на ученици постепено се намалува.

На почетокот од матурската церемонија до присутните се обрати г-ѓа **Јованка Смилевска**, претседател на Македонското учителско друштво на *Викторија*, а следеа федералните пратеници **Касандра Фернандо** и д-р **Даниел Молино**.

Специјален гостин на вечерта беше македонскиот генерален конзул од *Мелбурн*, **Елена Брајковска**, која со пригоден говор ги поздрави сите матуранти и гости и зборуваше за важноста од изучувањето на македонскиот јазик за Македонците кои живеат надвор од *Македонија*.

Со пригоден говор присутните ги поздрави и **Силвија Митревски**, менаџер на саботниот центар во *Томастаун* која им честита за успехот на матураните што успешно го положија испитот по македонски јазик.

Уписите за следната учебна година при Викторискoто училиште за јазици се отворени и повеќе информации можат да се најдат на веб страната *www.vsl.vic.edu.au*

# Презентациска вечер на Австралиско-македонското младинско друштво “Никола Карев”






Во *Гренд Нерет рецепција, Австралиско-македонското младинско друштво “Никола Карев”* ја одржа својата традиционална прослава за 2024 година. На пет играорци со повеќе од 8 години во сениорската група им беа доделени златни парички со ликот на *Никола Карев*, вредни над 800 долари. Овие монети им беа доделени на: **Филип Огненовски, Амилија Ристевски, Даниеле Нешкоска, Тео Цветкоски** и **Антони Гроздановски**.

Управата на *АММД “Никола Карев”* упати посебна благодарност на кореографите **Тео, Џеисика** и **Кајла**, како и вредните играорци, родителите и спонзорите.

Оваа година друштвото ја заврши со многу концерти, фестивали и настапи.

Честитки до членовите на *АММД “Никола Карев” од Мелбурн*, кој е амбасадорот на македонскиот фолклор во изминативе 47 години.

## Традиционален пикник

Социјалното друштво *”Стив Наумов” –Логоварди* од *Мелбурн* ги известува своите членови и пријатели дека го организира традиционалниот пикник. Тој ќе се одржи на 15 декември во *Kyneton*, на местото од селото *Логоварди* со адреса *21 Fosters Lane Kyneton*. Сите се добродојдени. За информации кај **Цане** Моб: **0421 756 880** или **Борче** Моб: **0409 960 342**


NUMERIC ACCOUNTING

SPECIALISING IN SMALL BUSINESSES

✔ Accounting & Bookkeeping
✔ Tax Returns ✔ GST & BAS Returns ✔ Payroll
✔ MYOB, Xero & Quick Books

За сите ваши потреби околу вашата такса зборувајте со Ангела

ELECTRONIC LODGEMENT OF ALL RETURNS

Accountant & Registered Tax Agent




Mob: 0403 413 427 angenumeric@gmail.com

# Министерот за здравство Кенеди ќе ја истражува врската помеѓу вакцини и аутизам, кажа Трамп



**Доналд Трамп** изјави дека предложениот министер за здравство **Роберт Кенеди Џуниор** би можел да ја истражува врската помеѓу вакцини и аутизам, иако лекарската струка ја отфрли таквата поврзаност. Новоизбраниот американски претседател кажа во интервјуто за *Ен-Би-Си* дека таквата истрага е оправдана поради зголемениот број дијагностицирани случаи на аутизам кај американските деца во последните 25 години.

*„Кога гледате што се случува со болестите во нашата земја, знаете дека има нешто погрешно“*, кажа **Трамп** запрашан дали би укинал некои вакцини.

*„Пред 25 години, аутизмот речиси и не постоел. Имало можеби еден случај на 100.000 деца, а сега е блиску до 100“*, додаде тој.

Според американскиот Центар за контрола и превенција на болести, едно од 36 деца во *САД* имало аутизам во 2020, додека во 2000 односот бил еден на 150. **Кенеди**, кој е скептик кон вакцините, постојано истакнува оспорени теории дека ваквите состојби се предизвикани од вакцинирањето во детството.

*„Верувам дека аутизмот доаѓа од вакцини“*, кажа Кенеди лани и повика на поголемо тестирање вакцините.

**Трамп** кажа дека **Кенеди** како министер „нема одново да го измислува тркалото“.

*„Тој нема да го вознемири системот. Но, некој мора да даде одговори за аутизмот“*, рече **Трамп**.

Научниците го припишуваат порастот на дијагнозите на аутизам на подобрените методи на скрининг и велат дека е предизвикан од комплексна мешавина на фактори, вклучувајќи генетика, животна средина и услови за време на бременоста и раѓањето.

## Соопштение

Управата на *Селското Друштво* и *Социјален Клуб Беранци* од *Мелбурн*, ги повикува сите свои членови и беранчани за заедно да ја прославиме традиционалната селска слава *Св. Атанас*, во сабота, 1ви февруари 2025 година, во 18 часот(6pm), во *Фераро рецепција*. Ви ветуваме незаборавна забава со популарните Македонски ѕвезди **Татјана Лазаревска** и **Новица Василевски**. е ја пропуштајте оваа вечер и забележете ја оваа дата во вашите календари! Присуствувајте и Вие со вашите семејства, роднини и пријатели! Сите сте добредојдени! За карти контактирајте ги: **Кире Петровски** *(Northern Suburbs)* – **0422 319 069**, **Перо Божиновски** *(Northern Suburbs)* – **0425 879 104**, **Гоце Вељановски** *(Western Suburbs)* – **0448 067 703** и **Димче Марковски** *(Western Suburbs)* – **0423 437 310**


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

**НАРИШКИН:**

# Москва поблиску до своите цели, Украина ризикува колапс



*Москва* е се поблиску до целите на својата специјална воена операција, додека украинската армија се соочува со потенцијален колапс, изјави директорот на *Руската служба за надворешно разузнавање* (*СВР*) **Сергеј Наришкин**.

*„Ситуацијата на првите линии не е во корист на Киев. Ние ја имаме иницијативата во сите области и сме блиску до постигнување на нашите цели, додека украинските вооружени сили се на работ на колапс, а режимот на Зеленски го загуби својот легитимитет, вклучително и способноста да склучува договори“*, рече **Сергеј Наришкин** во интервју за списание Разведчик. Според **Наришкин**, сите обиди за создавање нестабилност во *Русија* пропаднале затоа што. *„Народот разбира дека ние не се бориме против киевската хунта, туку против колективниот Запад и нашата слобода и суверенитет се загрозени во оваа конфронтација“*, рече шефот на *СВР*.

*„Стратешката цел на Западот во украинскиот конфликт беше совршено јасна – да ни наметне војна за трошење со цел да го подели руското општество и да создаде услови за „обоена револуција“, но тие ќе се борат „до последниот Украинец“ и кога нема повеќе Украинци, балтичките нации, источноевропејците, а подоцна и Германците ќе бидат принудени да се приклучат во борбата против „страшната руска мечка“*, рече **Наришкин**.

**Наришкин** тврди дека „и покрај санкциите“ и кражбата на руските „суверени средства“, „руската економија расте, а напорите за замена на увозот продолжуваат со брзина, особено во технолошките сектори“.

*„Се појавуваат нови логистички патишта, нашите економски врски со незападните земји се зајакнуваат, пред се во големата Евроазија“*, рече **Наришкин**.

## СООПШТЕНИЕ

Македонската православна општина за *Мелбурн* и *Викторија (МПОМВ)* сака да ги информира своите членови, парохијани и јавноста дека нашиот Годишен пикник со “графчето” во манастирот *“Св. Климент Охридски“* во *Кинглејк* ќе се одложи. Во оваа фаза, во најдобар случај пикникот ќе биде презакажан за 22 декември 2024 година, а во најлошото случај следната година. За тоа ќе објавиме јавен оглас во наредните недели. *МПОМВ* имаше и претходни јавни соопштенија во однос на барањата за историска планска дозвола. Ова е причината за доцнењето. За жал, во последен момент има барања за повеќе информации од Државната противпожарна управа *CFA* и Одделот за транспорт. *МПОМВ* работи на решавање на овие нови проблеми што е можно побрзо.

Работите веќе се започнати во *Кинглејк* со инсталиран нов систем за третман на отпадни води и наскоро ќе започне работата на паркингот. Сакаме да им се заблагодариме на сите што донираа досега, бидејќи собравме $10,787. За жал, ова е мал дел од вкупната сума што е потребна и изнесува нешто под 100,000 долари. Им благодариме на сите за разбирањето и сакаме да ве известиме дека секојдневно се трудиме да ги отвориме паркот *Македонија* и манастирот *„Свети Климент“* што е можно поскоро.

*од Управата на МПОМВ*

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

•Австралиско• Македонски •Неделник•

Edition No. 1844 Year 37 • Tuesday, 10 December 2024 • Price $4.00 inc GST


Патувајте во Македонија и секаде во светот

A AVIO TRAVEL

335 High St. Preston

03) 9471 4556

03) 9471 4559

0401 686 970


АЛБАНЕЗЕ ГО ОСУДИ ПОДМЕТНУВАЊЕТО ПОЖАР ВО СИНАГОГАТА ВО МЕЛБУРН

УЧЕНИЦИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ВИКТОРИЈА

ПРОСЛАВА ЗА МАТУРИРАЊЕТО

ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАКОНОТ ЗА ЈАЗИЦИТЕ

УСТАВНИТЕ СУДИИ АЛБАНЦИ ЌЕ БОЈКОТИРААТ

ПОЧНУВААТ КОМБИНАТОРИКИТЕ ЗА НОВ ВЛАДИКА ВО АВСТРАЛИЈА:

КОЈ ЌЕ БИДЕ НАСЛЕДНИК НА ВЛАДИКАТА ТИМОТЕЈ?

ВО РЕУБЛИКАТА РАБОТАТ САМО 46% ОД РАБОТОСПОСОБНИТЕ - ШТО ПРАВАТ ОСТАНАТИТЕ?


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


## АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА



# Почна изградбата на нова трибина на стадионот „Билјанини Извори“ во Охрид

Започна реконструкцијата на западната трибина на стадионот „Билјанини Извори“ во Охрид. На симболичниот чин присуствуваа претседателот на Фудбалската Федерација на Македонија (ФФМ) Сејдини и градоначалникот на Охрид Кирил Пецаков.

- Денес правиме значаен чекор за фудбалот во Охрид, но не само за Охрид, верувам дека и за целата земја. Благодарност до УЕФА, бидејќи со „Хет-трик“ програмата на УЕФА, по изградбата на едната трибина ќе добиеме уште една нова трибина на стадионот „Билјанини Извори“, која ќе има капацитет од околу 3.500 гледачи. Заедно со другата трибина капацитетот ќе биде околу 5.000 гледачи, и во иднина можеме да добиеме еден стадион каде што ќе можат да играат сите репрезентации, вклучувајќи ја и сениорската репрезентацијата. Имаме добра соработка со градоначалникот Пецаков, морам да му се заблагодарам за рекордното време за вадење на документацијата за да можеме да го отпочнеме денес овој проект кој што ќе биде од големо значење за фудбалот во Охрид и во земјава. Овој објект ќе чини околу 3.3 милиони евра, изјави претседателот во заминување на ФФМ, Муамед Сејдини.

# ПМФЛ:Заврши првиот дел од сезоната, Силекс есенски првак

Со натпреварите од 18. коло заврши првиот дел од сезоната во Првата македонска фудбалска лига. Титулата есенски шампион ја освои Силекс. Ист број на бодови како и екипата од Кратово, по 37, освоија Шкендија и Работнички.

Силекс со голот на Ефтимов во 28.минута со 1:0 го победи Вардар. Идентична победа, но на гостински терен со автоголот на Захов во 58 запиша Шкупи против Беса 1976.

Шкендија ја загуби предноста од два бода во ова коло откако одигра без голови со Гостивар.

Работнички беше убедлив со 3:0 против битолски Пелистер, водство донесе Мазари во 15 минута, Регба во 29 минута ја зголеми предноста, конечниот резултат го постави Мазари со неговиот втор гол на стартот од вториот дел.

Тиквеш триумфираше со 2:0 против АП Брера, првиот гол беше дело на Манасиевски во судиското надополнување од првиот дел, а во претпоследната минута за 2:0 погоди Стојкоски.

Струга Трим Лъум славеше над Воска Спорт со 2:1.

**ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА**

**Резултати 18. коло**

| | |
|---|---|
| ТИКВЕШ - БРЕРА | 2:0 |
| РАБОТНИЧКИ - ПЕЛИСТЕР | 3:0 |
| СИЛЕКС - ВАРДАР | 1:0 |
| БЕСА - ШКУПИ | 1:0 |
| СТРУГА ТЉ - ВОСКА СПОРТ | 2:1 |
| ШКЕНДИЈА - ГОСТИВА | 0:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Силекс | 18 | 11 | 4 | 3 | 37 |
| 2. Шкендија | 18 | 10 | 7 | 1 | 37 |
| 3. Работнички | 18 | 10 | 7 | 1 | 37 |
| 4. Гостивар | 18 | 9 | 8 | 1 | 35 |
| 5. Струга ТЉ | 18 | 9 | 5 | 4 | 32 |
| 6. Шкупи | 18 | 6 | 4 | 8 | 22 |
| 7. Пелистер | 18 | 4 | 7 | 7 | 19 |
| 8. Брера С | 18 | 5 | 4 | 9 | 19 |
| 9. Тиквеш | 18 | 2 | 8 | 8 | 14 |
| 10. Беса | 18 | 3 | 4 | 11 | 13 |
| 11. Вардар | 18 | 3 | 4 | 11 | 13 |
| 12. Воска спорт | 18 | 2 | 6 | 10 | 12 |


MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES

Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207

Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Пелистер се пофали со девет дебитанти во ПМФЛ од сопствената школа



Битолски Пелистер оваа полусезона ја заврши на средината од табелата и некаде околу очекувањата по враќањето во елитата. Клубот есента ја одигра скоро со комплетно македонски тим, а лансираше и девет дебитанти во првиот тим на возраст од 16 до 20 година.

Дресот на Пелистер првпат во натпревари за бодови во елитната категорија го облекоа: голманите Андреј Јовчевски и Натаниел Димовски, дефанзивците Стефан Ивановски и Христијан Стојановски, фудбалерите за врска Филип Тодороски, Габриел Крстевски и Давид Ангелевски и напаѓачите Михаил Талевски и Андреј Силјановски.

„Подеднакво важни како освоените бодови се настапите на осум „бисери" од нашата школа во сениорскиот фудбал. Клубот ќе продолжи во оваа насока, напоредно да ги остварува целите на сениорската екипа, но и да лансира фудбалери од нашата школа, која е меѓу најдобрите во Македонија и која секојдневно напредува", се вели во информацијата која ја сподели ФК Пелистер со медиумите и своите приврзаници.

### ЦЕЛАТА ФУДБАЛСКА ЈАВНОСТ ЈА ЧЕКА ПРЕСУДАТА:

## Завршија сослушувањата во судскиот процес против Манчестер сити




Во Англија завршија сослушувањата и презентирањето на докази во случајот на Премиер лигата против Манчестер сити и сега се чека пресудата.

За судбината на гигантот од Манчестер против кого има 115 обвинувања за кршење на финансиските правила ќе одлучуваат тројца судии.

Манчестер сити ги негира сите неправилности, но ако се докаже дека не е во право тогаш казната може да биде дури и исфрлање во понизок ранг. Досега во историјата на англискиот фудбал немало друг ваков случај и поради тоа не може да се направи споредба каков би бил исходот.

Судот не си дава рокови за донесување на одлуката и до соопштувањето на пресудата можат да поминат и неколку месеци.



# Првпат по речиси две децении во тимот на годината го нема Лионел Меси




Шестмина играчи од победникот во Лигата на шампионите, Реал Мадрид, и четворица од Манчестер Сити се најдоа меѓу најдобрите 11 фудбалери во тимот на годината на Асоцијацијата на професионални фудбалери (ФИФПро).

Лионел Меси за првпат по речиси 20 години, од 2006 година, не се најде на оваа листа. Аргентинецот, кој е рекордер со 17 избори во идеалниот тим, беше заменет со играчи како Ерлинг Халанд, Килијан Мбапе и Винисиус Жуниор.

Џуд Белингам го предводеше гласањето кај мажите, при што играчот од средниот ред на Реал Мадрид и на англиската репрезентација доби 11.176 гласови од своите колеги.

Одбранбениот играч на Ливерпул, Вирџил ван Дајк, е единствениот фудбалер надвор од Реал Мадрид и Манчестер Сити кој е вклучен во тимот за 2024 година.

## Потпишан најскапиот договор во историјата на спортот, US$765 милиони за 15 години

Доминиканецот Хуан Сото договорил 15-годишен договор вреден 765 милиони американски долари, што е нов светски рекорд во историјата на спортот.

Сото годишно ќе заработува по 51 милион, а интересно е дека тој прави трансфер од Њујорк јенкис во лутиот градски ривал Њујорк Метс.

Договорот на Сото со Метс има излезна клаузула по пет години и вклучува бонус за потпис од 75 милиони со кои би можел договорот да порасне и над 800 милиони.

Сото пристигна во САД во 2015 година, потпишувајќи со Вашингтон Нејшналс како 16-годишен, дебитирајќи во МЛБ три години подоцна, а потоа освои титула во својата втора сезона. Потоа прејде во Сан Диего падрес во август 2022 година. По само една сезона со Падрес, се пресели во редовите на Њујорк Јенкис, а од следната ќе игра за Метс, клуб кој има само две титули во МЛБ (последната пред 38 години), наспроти 27 на Јенките кои ги напушти.




AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970
AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

СПОРТ
Australian Macedonian TODAY Австралиско Македонски ДЕНЕС 22
ISSN 1442-195X

# ВО ПЕРТ НА UNITED FOR WRESTLING 2024:
# КРИСТИЈАН СЕРАФИМОВСКИ ОСВОИ ЗЛАТЕН МЕДАЛ



На последниот турнир во Перт за борење оваа година наречен United for Wrestling 2024 се натпреваруваа околу 80 борачи од седум клубови од Западна Австралија.

Публиката и борачите имаа можност да ги видат шампионите во борење кои се натпреваруваа на Комонвелт игрите во 2023 година, како и борачи кои се натпреваруваат и победуваат на меѓународните првенства во борење.

Еден од истакнатите борачи беше младиот Кристијан Серафимовски (Кико), кој е австралиски шампион во 2021 година. Тој го освои златниот медал победувајќи ги сите свои противници во 3 меча. Имаше тешки и искусни противници, но неговата тактика во борење и водејќи се по советите од својот тренер Јадранко Тесановиќ успешно ги совлада сите. Тој беше повеќе од сигурен и заслужено доби златен медал, претставувајќи го гордо не само неговиот боречки клуб Волци, туку и македонските младинци во Западна Австралија. Неговиот последен противник беше од Авганистан, тежеше 14 килограми повеќе од Кико, но гласната публика го поддржа воодушевена со неговиот талент за борење. Тренерот Јадранко е уверен дека доаѓа времето на Кико и тој ќе стане голем шампион во борење.

- Клубот Волци освои еден бронзен, три сребрени и три златни медали. Сакам да ја искористам оваа прилика да им се заблагодарам на родителите на Кико, Боби и Паулина, за посветеноста и поддршката, бидејќи без нив Кико не би бил тоа што е денес, рече неговиот тренер.

Сите ние, вклучително и македонската заедница во Перт, сме горди на нашиот Кико и неговото време во борење допрва доаѓа.

